IRIS NETWORKing
CSOs for protection sensitive migration management

Овој проект е финансиран од ЕУ

# Анализа на политиките и услугите достапни за странците во Република Северна Македонија

Македонско здружение на млади правници

IRIS NETWORKing
CSOs for protection sensitive migration management

Македонско здружение на млади правници

Овој проект е финансиран од ЕУ

# Анализа на политиките и услугите достапни за странците во Република Северна Македонија

Издавач: Македонско здружение на млади правници
**www.myla.org.mk**
Автори: Назиф Авди, Ирена Здравкова, Диме Ѓорчевски
Уредник: Зоран Дранговски
Ликовно и графичко обликување: Флекс Висион
Тираж: 100

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска
библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

364-786-054.6(497.7)“2015/19“(047.31)

АВДИ, Назиф

Анализа на политиките и услугите достапни за странците во Република Северна Македонија / [автори Назиф Авди, Ирена Здравкова, Диме Ѓорчевски]. - Скопје : Македонско здружение на млади правници, 2020. - 42 стр. : табели, граф. прикази ; 25 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4843-29-0

1. Здравкова, Ирена [автор] 2. Ѓорчевски, Диме [автор]
а) Странци - Социјална интеграција -
Македонија - 2015-2019 - Истражувања

COBISS.MK-ID 51795205

Оваа публикација беше изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Македонскот здружение на млади правници и не ги одразува ставовите на Европската Унија

# Содржина


1. Вовед **4**

2. Имиграција во РС Македонија **7**

3. Законска рамка **9**

    3.1 Право на престој **12**

    3.2 Вработување на странци во РСМ **22**

4. Надлежности на општината и локалната самоуправа во однос на странците **27**

    4.1 Интеграција на странци **35**

5. Заклучоци и препораки **37**

# 1 ВОВЕД

Слободното движење на луѓе е еден од фундаменталните принципи на Европската Унија. Можноста странците да живеат и да работат во било која земја членка на Унијата, придонесе државите да го менуваат начинот на организација и пристап кон странците.

Со тоа и интеграцијата на лицата кои мигрираат во земјата членка - домаќин стана важен дел од миграциската политика на Европската Унија. Преку успешната интеграција на мигрантите во државите членки, Европската Унија се стреми да обезбеди легална миграција, а воедно преку тоа се залага и максимално да ги искористи придобивките на имиграцијата за развој на Европската Унија. Иако земјите-членки се главно одговорни за процесот на интеграција, ЕУ ги поддржува националните и локалните политики во земјите членки преку помошта што ја нуди во однос на размена на искуства, зајакнување на капацитетите на инволвираните како и преку финансиска поддршка.

РСМ нема долга традиција на имиграција на странци во земјата. Од независноста во 1991 наваму најголем број на странци кои живеат во државата се од земјите од регионот. Во последните неколку години бројот на странци неколкукратно се зголеми и тоа пред се како резултат на инвестициите во економските зони, но и на развојот на приватните образовни институции кои од година во година привлекуваат голем број на странци кои студираат во Македонија. Притоа, во последните години се забележува зголемен тренд на странци на кои им е одобрен престој по основ на вработување, работа или вршење самостојна дејност, што се должи на континуираната политика на Владата на РСМ за привлекување на странски инвестиции. Значително е пораснат и бројот на лицата со одобрен престој по основ на школување или студирање. Овој раст е условен од зголемениот интерес пред се, на турските државјани за студирање во Македонија, а кореспондира со прилагодувањето на студиските програми на неколку универзитети во РСМ на потребите за создавање на кадар за странските пазари на труд и изведување на настава на мајчин јазик на студентите.[1]

Интеграцијата на странците во државата е динамичен и долгорочен процес кој има за цел да создаде еднакви можности на мигрантите за нивно граѓанско, политичко и културно вклучување во општеството,

[1] Резолуција миграциската политика на РСМ за 2015-2020

нивно активно учество во процесот на интеграција и почитување на нивните основни права и вредности. Процесот на интеграција вклучува повеќе страни: самите странци, државата домаќин и јавните институции, локалната самоуправа и институциите во општините, како и локалната заедница во самите општини. Иако во најголем број на земји во регионот и пошироко политиките за интеграција се носат на национално ниво, тие главно се спроведуваат преку локалните институции. Локалните власти, дури и кога не се директно надлежни за интеграција на мигрантите, преку развивање на свои политики и мерки можат да направат многу за да помогнат во овој процес.

Целта на ова истражување е токму тоа, односно да се направи преглед на процесот на интеграција за странците во Република Северна Македонија (РСМ), преку статистички преглед на странците што законски престојувале во државата во периодот од 2015 до 2019 година, бројот на странци кои се евидентирале дека престојуваат во државата во август 2019, како и преку анализа на политиките, законите и другите документи кои го регулираат процесот на интеграција на странците на национално и локално ниво. Притоа, овој документ ќе ги таргетира странците со регулиран привремен и постојан престој и нема ги опфаќа странците кои престојуваат туристички во државата[2] како и странците кои се баратели на азил или лица бездржавјанство.

[2] Краткорочен престој е престој на странец со виза или без виза, во траење не подолго од 90 дена во кој било период од 180 дена, а кој период му претходи на секој ден на престојот, доколку со овој закон или со ратификуван меѓународен договор поинаку не е определено;

# 2 ИМИГРАЦИЈА ВО РС МАКЕДОНИЈА

Во Македонија живеат **7014 странци во 30 градови**.[3] Поголемиот број на странци се со привремен престој 90.8 %, додека 9.2% се со постојан престој, а од нив најголемиот број на странци 3502 лица (или 50%) живеат во Скопје, а најмалку во Демир Хисар каде живеат 5 странци. Најчесто странците доѓаат поради школување, вработување или брак. Статистиката потврдува дека најбројни се странците по потекло од соседните земји.

По Скопје, Тетово, Гостивар и Штип се градовите во кои живеат најголем број на странци, а по нив следуваат Прилеп, Куманово, Гевгелија, Струмица, Велес и Битола со над 100 странци на својата територија, додека пак другите градови низ државата имаат помал број на странци. Според оваа статистика процентуално странците се 0.3 % од населението во Македонија. Во Европската Унија, просекот на странци кои живеат во државите членки е 4.4%[4].

Иако нашата држава се наоѓа далеку од европскот просек, впечатлив е фактот дека најголемиот дел од општините, не располагаат со податоци за бројот на странци кои престојуваат на нивната територија ниту со податоци во однос на услугите кои странците ги користеле во самата општина[5]. Резултатите од деск анализата покажуваат дека нуту една од општините нема развиено стратегија, план и програма за комуникација и вклучување на странците во локалните и општинските активности.

---

[3] Информации добиени од страна на министерстерството за внатрешни работи преку барање за слободен пристап до информации од јавен карактер од август 2019 година

[4] https://ec.europa.eu/eurostat/web/products-eurostat-news/-/DDN-20190315-1?inheritRedirect=true

[5] Одговори на општините по барања за слободен пристап до информации од јавен карактер

# 3 ЗАКОНСКА РАМКА

Најрелевантниот стратешки документ за оваа област е **Резолуцијата за миграциска политика на РСМ** која ја донесува Собранието на РСМ по предлог на Владата на РСМ. Донесувањето на миграциска политика на Република Македонија претставува значајна активност која, меѓу другото, има за цел воспоставување на правна рамка во областа на миграциите, усогласена со правната рамка на Европската унија. Резолуцијата за миграциска политика укажува на состојбите, проблемите и мерките потребни да се преземат за решавање на предизвиците во областа на миграцијата и ги опфаќа релевантни аспекти на надворешните миграции, односно легалната миграција, потоа илегалните миграции, криумчарењето на мигранти и трговијата со луѓе, како и азилот и заштитата на бегалците. Последната резолуција за миграциската политика е донесена во 2015 година и го опфаќа периодот од 2015-2020 година.

Едно од клучните начела и принципи на кое е даден приоритет во миграциската политика е ***пристапот до легална миграција*** кон што и се стреми нашата држава. Ова се постигнува преку транспарентна и ефикасна примена на миграциското законодавство и обезбедување на регуларни канали за миграцијата во согласност со националната развојна политика. Прибирањето на веродостојни и навремени информации за миграциските текови и споделување на соодветни информации за миграциските политики и процедури има за цел да се овозможи мигрантите да донесат одлуки базирани на релевантни информации. Со документот се предвидува и обезбедување на сигурен, флексибилен и економичен пристап до услуги за мигрантите, ефикасно имплементирање на визниот режим и ефикасно управување со миграциите.[6] За полесно следење на спроведувањето на миграциската политика донесен е и Акциски план за спроведување на миграциската политика за периодот 2015-2020 година кој е изготвен од страна на Меѓуресорската група за креирање на миграционата политика на РСМ.

РСМ има релативно солидна правна рамка за регулирање на легалните и илегалните миграциони движења, а во последните години беа реализирани и бројни активности за надоградување на постојната легислатива во повеќе области и нејзино усогласување со директивите на Европската унија.

[6] Ibid

Законите кои се  применуваат и однесуваат на странците се Закон за странци, Закон за вработување и работа на странците, Закон за социјална заштита, Закон за основно, средно и високо образование, Закон за здравствена заштита, Закон за здравствено осигурување и други.

Како основна регулатива која подетално го регулира односот на нашата држава кон странците, е Законот за странците во кој е дадена дефиницијата за странец[7], обврските на странците, нивниот правен статус за време на престојот[8], како и различни ситуации во кој странците кои престојуваат во нашата држава уживааат одредени права.

Новиот Законот за странци предвидува одредби за подобрување на положбата на странците во однос на постапката за добивање на дозвола за привремен и постојан престој, а измените во Законот за вработување на странци придонесоа за олеснета постапката за добивање на работни дозволи за самовработени странци. Со тоа Директивите на ЕУ кои се однесуваат на државјаните на трети земји се во голем дел веќе транспонирани во нашето национално законодавство.

Значителен напредок беше забележан и во однос на воспоставувањето и развојот на новата централна база на податоци за странци. Интегриранaта база за странци која опфаќа азил, виза и миграции  претставува модерен систем кој овозможува креирање на статистика за миграциите согласно европските стандарди. Ваквата база овозможува ефикасно пребарување и увид во историјатот на движењето на странецот во РСМ а воедно се штеди време и ресурси во однос на комуникацијата меѓу институциите.

Министерството за внатрешни работи најголем дел од активностите во оваа област ги извршува во соработка со други министерства и институции,[9] која континуирано се проширува и продлабочува.

[7] Странец е лице кое не е државјанин на РСМ и лице без државјанство, односно лице кое ниедна држава по сила на својот закон не го смета за свој државјанин;

[8] Привремен престој е престој кој му се одобрува на странец кој има намера да престојува во Република Македонија согласно со овој закон; Постојан престој е престој кој му се одобрува на странец кој најмалку пет години пред поднесувањето на барањето за одобрување постојан престој непрекинато престојувал на територијата на Република Македонија врз основа на одобрен привремен престој, доколку со овој закон поинаку не е определено;

[9] Министерство за труд и социјална политика, Министерство за надворешни работи, Агенција за вработување, Државен завод за статистика, Министерство за образование, Министерство за економија, судовите, Казнено - поправните установи и др.

Согласно ваквиот напредок, оценската на комисија на ЕУ во Извештај за напредокот на РСМ од 2019[10] година покажува дека РСМ води активна и конструктивна улога во управувањето со мешаните миграциски текови. РСМ ефикасно соработува со членките на ЕУ и соседните земји. Државата прави значителни напори да обезбеди основни услови за живот и други услуги за сите мигранти кои престојуваат во земјата. За обезбедување на добро миграциско управување и безбедносно опкружување, како основен услов за исполнување на одредниците од ЕУ, земјата треба да спроведе целосна усогласеност со визната политика на ЕУ. МВР ја има надоградено постојната база на податоци за странци преку развивање на нов модул за азил за обезбедување на алатка за управување со случаи на поднесени барања за азил.

**Стратегијата за интеграција за бегалците и странците 2017-2027 година** сè уште не е донесена иако постои програма и буџет предвиден за неговата имплементација од страна на Министерството за труд и социјална политика. Оваа стратегија се однесува на лицата со признаен статус на бегалец, лица под супсидијарна заштита, лица баратели на азил, како корисници на мерки за рана интеграција, како и на странците со регулиран престој во РСМ (со претходно одобрение од страна на надлежни органи[11]). Оваа стратегија првично се однесува на бегалците и барателите на азил за да се обезбеди нивна рана интеграција веднаш по нивно доаѓање. И покрај тоа што една од стратешките цели во стратегијата е проширување на поддршката за интеграција на бегалците кои стекнале државјанство или дозвола за привремен и постојан престој нема конктетно преземени активности во овој дел.

## 3.1 Право на престој

Согласно Законот за странците престојот на странците во РСМ може да биде краткорочен престој, привремен престој и постојан престој.

[10] https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/20190529-north-macedonia-report.pdf
[11]Дозвола за престој е секое одобрение издадено од надлежен орган на РСМ со кое му се дозволува на странецот законски да престојува на нејзината територија;

За **краткорочниот престој** се смета престој на странец со виза или без виза, односно тоа е престој на странец во земјата најмногу 90 дена во кој било период од 180 дена кои претходат на секој ден престој во РСМ[12]. Од добиените податоци по слободен пристап до информации од јавен карактер, вкупно од 2015 до 2019 година престојувале 2.328.964 странци, најголем дел од нив поради туристички причини 1.530.008 странци, а 143.634 лица поради деловни причини. Останатите се поради присуство на семинари, конгреси, спортски културни или уметнички настани и друго. Само во месец август 2019 година се регистрирани дека престојуваат краткорочно во земјата 75.121 странец, од кои 47.219 се регистрирани поради туристички причини, а 25.518 се поради деловни причини.

**Табела 1: Број на странци со краткорочен престој во РСМ во периодот 2015-2019**

| Странци со престој до 3 месеци | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 (јануари-ноември) | Вкупно 2015-2019 | Август 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Туристички** | 235.127 | 315.072 | 298.017 | 332.230 | 298.562 | **1.530.008** | 47.219 |
| **Приватни** | 149.101 | 163.502 | 134.007 | 157.113 | 139.911 | **743.634** | 25.518 |
| **Деловни** | 3.302 | 3.405 | 3.558 | 3.837 | 3.164 | **17.296** | 645 |
| **Конгреси / семинари** | 9 | 0 | 1 | 10 | 0 | **20** | / |
| **Спортско, културно-уметнички настани** | 38 | 203 | 41 | 0 | 58 | **340** | / |
| **Останато** | 5.188 | 3.632 | 13.305 | 10.815 | 4.676 | **37.666** | 1.739 |
| **Вкупно** | **442.765** | **485.864** | **448.959** | **505.005** | **446.371** | **2.328.964** | **75.121** |

[12] Закон за странци, Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/18 и Службен весник на РСМ бр. 108/19, Член 167

Веќе споменавме дека поради краткото времетраење на овој престој истиот нема да биде разгледуван подетално во овој документ. Со тоа анализата ќе се фокусира само на постојаниот и привремениот престој.

## Странци со привремен престој

Странец кој поради различни причини има намера да престојува во РСМ подолго од три месеци (90 дена) мора да го регулира **привремениот престој.** Согласно Законот за странците, Секторот за гранични работи и миграција може да издаде дозвола за привремен престој на странец по следните основи: заради работа, школување или студирање, учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти, специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, волонтирање, научно-истражувачка дејност, лекување, сместување или згрижување во установи за стари лица, семејно обединување или хуманитарни причини[13], странец кој е член на потесното семејство на државјанин на РСМ, странец кој по потекло е од РСМ, дете на странец родено во РСМ, и странец резидент на држава членка на Европската Унија или на ОЕЦД, кој стекнал право на сопственост[14] на стан, станбена зграда и куќа на територијата за РСМ под услови утврдени со закон, во износ од најмалку 40.000 евра[15].

За стекнување на дозвола за привремен престој странецот мора да ги исполни следниве услови: да има средства за издржување обезбедени на законски начин, има обезбедено сместување или има средства за сместување, здравствено осигурување, да не е осуден и не се води кривична постапка и други услови пропишани со законот[16]. Со дозволата за привремен престој странецот може да излегува и влегува во РСМ без виза, до истекот на рокот определен со дозволата за престој[17]. Издавањето на дозволата за привремен и постојан престој се врши доколку се исполнети условите согласно Законот и директивите на ЕУ во поглед

[13] Ibid, член 120 –Привремен престој поради хуманитарни причини
[14] Ibid, член 119 Привремен престој на странец кој стекнал право на сопственост на стан, станбена зграда и куќа на територијата на Република Македонија
[15] Ibid, член 71
[16] Закон за странци, Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/18 и Службен весник на РСМ бр. 108/19, член 72
[17] Ibid, член 78

на заштитните елементи и биометриските податоци. Странецот ќе го изгуби привремениот престој доколку престанале да важат некои од причините за кои е издадена дозоволата за престој (вработување, брак, школување, и слично), и остане без средства за издржување и сместување, а издржувањето и сместувањето за време на престојот во РСМ не му е обезбедено на друг законски начин, не успеал да го склучи договорот за вработување со правното лице или договорот за вработување престанал да му важи, не е во брак веќе со странецот на кој му е одобрен престој, заврши школувањето, и слично

**Привремениот престој е најчестиот вид на престој кој странците го користат во РСМ.**

**Според податоците добиени по слободен пристап на информации од јавен карактер[18], во периодот од 2015 до 2019 година најмногу дозволи за привремен престој на странци се издадени во Скопје-9246, Тетово-1406, Гостивар-1085, Куманово-790, Штип-775 и Гевгелија-688. Најмалку дозволи се издадени во Македонски Брод-29, Демир Хисар-36 и Берово-40.**

**Табела 2: Издадени дозволи за привремен престој во периодот 2015-2019**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Скопје | 9426 | Радовиш | 128 |
| Тетово | 1406 | Делчево | 116 |
| Гостивар | 1085 | Кочани | 104 |
| Куманово | 790 | Крива Паланка | 103 |
| Штип | 775 | Дебар | 95 |
| Гевгелија | 688 | Валандово | 85 |
| Прилеп | 630 | Свети Николе | 79 |
| Битола | 590 | Ресен | 74 |
| Струга | 548 | Пробиштип | 73 |
| Охрид | 458 | Кратово | 54 |
| Струмица | 389 | Крушево | 48 |
| Велес | 389 | Виница | 47 |
| Кичево | 368 | Берово | 40 |
| Кавадарци | 219 | Демир Хисар | 36 |
| Неготино | 219 | Македонски Брод | 29 |
| **ВКУПНО** | **19091** | | |

[18] Одговор на барање за слободен пристап до информации за јавен карактер – МВР заведено под број 16.1.2-4156/1 од 27.12.2019 година

**Според податоците добиени по слободен пристап на информации од јавен карактер[19] само во месец август 2019 година, во земјата се регистрирани 6373 странци со привремен престој. Најголемиот број се во Скопје – 3079, потоа во Гостивар 578, Штип – 334, Гевгелија 197. Најмалку странци со привремен престој се регистрирани во Демир Хисар- 5, Виница-11 и Кратови  и Македонски Брод-по 13 странци.**

**Табела 3: Број на странци со привремен престој по градови евидентирани во РСМ во август 2019**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Скопје | 3079 | Радовиш | 42 |
| Гостивар | 578 | Пробиштип | 35 |
| Тетово | 473 | Неготино | 34 |
| Штип | 334 | Валандово | 34 |
| Прилеп | 296 | Крива Паланка | 31 |
| Куманово | 285 | Кочани | 28 |
| Гевгелија | 197 | Свети Николе | 23 |
| Струмица | 158 | Крушево | 19 |
| Велес | 140 | Дебар | 18 |
| Битола | 134 | Ресен | 18 |
| Охрид | 96 | Берово | 14 |
| Кичево | 84 | Македонски Брод | 14 |
| Кавадарци | 70 | Кратово | 13 |
| Струга | 66 | Виница | 11 |
| Делчево | 44 | Демир Хисар | 5 |
| **ВКУПНО** | **6373** | | |

[19] Одговор на барање за слободен пристап до информации за јавен карактер – МВР заведено под број 16.1.2-4156/1 од 27.12.2019 година

Согласно добиените податоци, графичкиот приказ за странци со привремен престој кои престојуваат по општини во месец август 2019 би изгледал вака:

**Графички приказа бр.1**




Според **основите по кои е стекнат привремениот престој** и покрај тоа што е побарана како информација не е добиен одговор од страна на надлежните институции. За таа цел за анализа се користени достапните информации од годишните извештаи на МВР од последните три години според кои во најголем дел дозволите за привремен престој за сите години се издадени по основ на вработување, работа или вршење на самостојна дејност, на членови со потесни семејство на државјани на РМ и основ на школување и по основ на семејно обединување. Споредбено по години статистиките се следни:

**Во 2017 година,** издадени се 2.975 дозволи за привремен престој на странски државјани, со што е забележано незначително намалување во однос на 2016 година. Странските државјани најчесто престојувале по основ на вработување, работа или вршење самостојна дејност-1.220 дозволи, како членови на потесно семејство на државјани на РСМ-638, потоа, по основ на школување или студирање-572, по основ на семејно обединување-431 и друго. Најголем број дозволи се издадени на турските

државјани-1.098, на српските-366, на албанските-238, на косовските-238, на бугарските-96, грчките-84 и во помал број на други странски државјани[20].

**Во 2018 година**, издадени се дозволи за привремен престој на 3414 странски државјани, најмногу по основ на вработување 1539, член на потесно семејство на државјанин на РСМ – 708 и по основ на школување -602[21].

**Во 2019 година** престојот на странските државјани се задржува речиси на исто ниво како и во 2018 година. Издадени се дозволи за привремен престој на 3.454 или 40 повеќе странски државјани во однос на 2018, најмногу по основ на вработување-1.135, по основ на школување-1.115, член на потесно семејство на државјанин на Северна Македонија-667, семејно обединување-394, и други. По држава на потекло, најбројни се турските државјани-1.566, косовските-367, албанските-296 и српските293 државјани[22].

## Странци со постојан престој

Странецот со одобрен **постојан престој во РСМ** ги има истите права како и државјаните на РСМ и тоа[23]:

- престој без временско ограничување,
- пристап до вработување или вршење на самостојна дејност,
- пристап до образование и професионална обука, вклучувајќи и студирање,
- признавање на дипломи, сертификати и други квалификации,
- социјална заштита и социјална помош,
- даночни бенефиции,
- пристап кон стоки и услуги и набавки на стоки и услуги достапни за јавноста,

[20] Годишен извештај на МВР за 2017 година
[21] Годишен извештај на МВР за 2018 година
[22] Годишен извештај на МВР за 2019 година
[23] Закон за странци, Службен весник на Република Македонија“ бр. 97/18 и Службен весник на РСМ бр. 108/19 член 133

- слобода на здружување и членување во одредена организација на работници или работодавачи или организации чии членови се вклучени врз основа на одредени занимања и
- слободен пристап на целата територија на Република Македонија, освен на подрачја на кои движењето е забрането или ограничено заради заштита на безбедноста или одбраната на Република Македонија.

**Постојаниот престој може да се стекне** доколку странецот непрекинато престојувал во земјата 5 години врз основа на дозвола за привремен престој.Тогаш на странецот му се издава дозвола за постојан престој[24]. За добивање на постојан престој странците треба да ги исполнат следниве услови: *имаат стабилни и редовни средства за издржување, да не се корисници на социјална помош, да имаат обезбедено сместување или средства за сместување, обезбедено здравствено осигурување и лесно да се разберат со околината, односно да го владеат македонскиот јазик*[25]. Исто така странецот не смее да биде сторител на кривично дело и да не претставува опасност за јавниот ред, јавното здравје, националната безбедност или меѓународните односи на Република РСМ.За определени лица законот предвидел олеснителни околности и можност за стекнување на постојан престој по посебни услови без обврската за лицето претходно да престојува во земјата по основ на дозвола за привремен престој[26].

Странецот на кого му е дозволен привремен престој за одредена цел, може да престојува во РСМ само во согласност со целта заради која му е дозволен престојот и за определено време.[27] Законот предвидува и категории на лица кои престојувале по основ на дозвола на привремен престој и кои не можат да стекнат постојан престој: сезонски работници, странци на школување или студирање во земјата, волонтери и други

[24] Ibid. член 129
[25] Ibid, член 130
[26] Ibid член 132 став 1- Лицата кои со влегување во сила на овој закон ќе се сметаат за странци во РСМ, а кои до 8 септември 1991 година биле државјани на СФРЈ и имале законски престој на територијата на СРМ, а по 8 септември 1991 година продолжиле да престојуваат во Република Македонија, како и нивните деца кои се на возраст над пет години, ќе се стекнат со право на постојан престој во Република Македонија, ако во рок од три години од влегување во сила на овој закон поднесат барање за одобрување постојан престој.
[27] Член 71 закон за странци

категории на странци на кои им е дадена дозвола за престој заради специфичната цел[28].

**Графички приказа бр.3**




**Според податоците добиени по слободен пристап на информации од јавен карактер[29], во периодот од 2015 до 2019 година најмногу дозволи за постојан престој на странци се издадени во Скопје-288, Тетово-12, Гостивар-12, Струмица- 10, Струга-11, Гевгелија-10 дозволи. Најмалку дозволи за постојан престој, односно по една дозвола е издадена во Неготино, Прилеп, Пробиштип, Штип, Битола и Делчево.**

[28] Ibid, член 129 - Постојан престој нема да се одобри на странец кој престојува во РСМ врз основа на дозвола за привремен престој издадена заради: работа на сезонски работници школување или студирање, учество во програми на меѓународна размена на ученици или студенти, специјализација, стручно усовршување или практично оспособување, волонтерство, научно истражување, семејно обединување со покровител кој привремено престојува во РСМ заради научно истражување, семејно обединување со покровител кој привремено престојува во Република Македонија заради волонтерство, сместување или згрижување во установи за стари лица, лекување и хуманитарни причини.

[29] Одговор на барање за слободен пристап до информации за јавен карактер – МВР заведено под број 16.1.2-4156/1 од 27.12.2019 година

**Табела 4: Издадени дозволи за постојан престој за периодот 2015-2019**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Скопје | 288 | Охрид | 3 |
| Гостивар | 12 | Велес | 3 |
| Тетово | 12 | Радовиш | 2 |
| Струмица | 12 | Неготино | 1 |
| Струга | 11 | Прилеп | 1 |
| Гевгелија | 10 | Пробиштип | 1 |
| Куманово | 7 | Штип | 1 |
| Кавадарци | 6 | Битола | 1 |
| Кичево | 5 | Делчево | 1 |
| Кратово | 3 | | |
| **ВКУПНО** | **380** | | |

**Според податоците добиени по слободен пристап на информации од јавен карактер[30] само во месец август 2019 година, во земјата се регистрирани 641 странци со постојан престој. Најголемиот број се во Скопје – 423, потоа во Тетово – 28, Охрид – 23, Гостивар 17, Струга -17, а најмалку странци се регистрирани во Берово, Дебар, Делчево и Валандово, односно по еден странец со постојан престој.**

[30] Одговор на барање за слободен пристап до информации за јавен карактер – МВР заведено под број 16.1.2-4156/1 од 27.12.2019 година

**Табела 5: Број на странци со постојан престој евидентирани во РСМ во август 2019**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Скопје | 423 | Неготино | 7 |
| Тетово | 28 | Кратово | 6 |
| Охрид | 23 | Крива Паланка | 6 |
| Гостивар | 17 | Прилеп | 6 |
| Струга | 17 | Кичево | 5 |
| Струга | 16 | Битола | 4 |
| Кавадарци | 13 | Велес | 4 |
| Штип | 13 | Виница | 2 |
| Куманово | 12 | Берово | 1 |
| Гевгелија | 11 | Дебар | 1 |
| Пробиштип | 8 | Делчево | 1 |
| Радовиш | 8 | Валандово | 1 |
| Свети Николе | 8 | | |
| **ВКУПНО** | **641** | | |

## 3.2 Вработување на странци во РСМ

Прашањето за вработување на странците е уредено со одредбите од Законот за вработување и работа на странци[31].Со законот се уредуваат условите и постапката како странец може да се вработи и да работи во РСМ, освен ако поинаку не е уредено со ратификуван меѓународен договор. Странец се смета како вработено лице во РСМ кога врз основа на договор за вработување ќе заснова работен однос кај работодавач чие седиште или место на живеење е во РСМ или кога ќе стекне статус на самовработено лице согласно со овој или друг закон[32]. Агенцијата за вработување донесува решение за издавање на работните дозволи и продолжување на работните дозволи утврдени со овој закон. За издавање на дозвола за работа на странец е потребно и мислење од страна на Агенцијата за вработување. Постапката за издавање на мислење за

[31] Закон за вработување и работа на странци, Службен Весник на РСМ бр.217/2015
[32] Ibid, Член 1

исполнетост на условите е уредена и со подзаконски акт[33].Странците кои престојуваат во РСМ заради студирање, можат да вршат краткорочни или помошни работи без дозвола за работа, доколку целокупниот период за вршење на такви работи не е повеќе од 10 работни часа во текот на една недела. Условот за вршење на краткорочни или помошни работи, согласно со ставот на овој член, е регистрирање на работата во Агенцијата за вработување. За периодот на извршување на краткорочните или помошните работи од страна на странски студенти, работодавачот е должен да ги покрие трошоците за нивното социјално осигурување[34].

Сепак, со овој закон покрај грижата за странците, односно одредби со кои се забранува секаков вид нивна дискриминација во однос на македонските државјани, се води грижа и за заштита на домашниот пазар на труд. Согласно овој закон Владата на РСМ утврдува **годишна квота на работни дозволи** преку која го ограничува бројот на странци на пазарот на трудот. Годишната квота на работни дозволи не може да надминува 5% од населението на РСМ, кое законски е вработено, согласно податоците на Државниот завод за статистика. Квотата за работни дозволи за странци кои можат да бидатат работно ангажирани на територија на РСМ до Владата ја предлага министерот надлежен за работите од областа на трудот по предлог на Агенцијата за вработување на РСМ во соработка со министрите одговорни за соодветните области, за која свое мислење може да даде и Економскиот социјален совет[35]. Креирањето на државната политика за бројот на издадени работни дозволи на годишно ниво се темели на развојните потреби на државата, како и на статистиките на Агенцијата за вработување на Република Северрна Македонија.

**Според податоците на Агенцијата за вработување,** вработувањето на странци во земјата бележи постојан раст во последните години. Зголемувањето на бројот на вработни странци во земјата се должи на зголемените дирекни странски инвестиции во РСМ и поедноставната процедура за вработување на странци во земјата. Иако процедурата за добивање на работна дозвола е олеснета во споредба со претходните години, сепак, како и во многу други држави таа е долга и сложена.

[33] Правилник за начинот на издавање на мислење за исполнетост на условите за издавање на дозвола за привремен престој на странец заради работа, Службен весник број 117 од 27 јуни 2016 година
[34] Ibid, член 15
[35] Ibid, член 5

Гледно по занимањето, според податоците на Агенцијата, станува збор за управители, директори и менаџери, а во последните две години зголемен е бројот и на општи работници, шивачи, машински техничари и економисти. Образовната структура, пак, покажува дека најголем дел од странците што работат во Македонија се со средно образование и завршен факултет, меѓутоа не е мал бројот и на тие со докторски и магистерски титули. Најголем број од странците што работат во Македонија доаѓаат од Турција, по што следуваат работниците од Грција, Србија, Бугарија и Германија, односно од земјите кои се јавуваат како најголеми странски инвеститори во Македонија. Во последните две години значајно зголемен е и бројот на странци од Косово и Албанија кои доаѓаат на работа во Македонија, покажуваат податоците на АВРМ.

**Според информациите добиени по пат на слободен пристап до информации од јавен карактер[36], во периодот од 2015-2019 година во РСМ се пријавиле вкупно**

- **6616 вработени странци, од кои 6415 биле со привремен престој, а 201 биле со постојан престој.**
- **72 невработени странци, од кои 64 биле со регулиран привремен престој, а 8 биле со регулиран постојан престој**
- **48 корисници на права, мерки и услуги за вработување**

[36] Одговор на барање за слободен пристап до информации за јавен карактер Агенција за вработување број 03-4024/3 од 31.12.2019

**Табела 6: Број на пријавени вработени и невработени странци во РСМ во периодот 2015-2019 година**

| Странци пријавени за вработени и невработени во периодот од 2015-2019 година | Број на странци |
|---|---|
| Невработени странци со одобрен привремен престој | 64 |
| Вработени странци со одобрен привремен престој | 6415 |
| Невработени странци со одобрен постојан престој | 8 |
| Вработени странци со одобрен постојан престој | 201 |
| Корисници на права и мерки и услуги за вработување (странци со постојан и привремен престој) | 48 |
| Посетувано обука за вработување, прекфалификација и докфалификација | / |

**Според информациите добиени по пат на слободен пристап до информации од јавен карактер[37], во август 2019 година, во РСМ вкупно 29 лица со привремен и постојан престој за прав пат засновале работен однос. Во Агенцијата нема податоци колку лица странци со привремен и постојан престој се пријавиле за невработени во истиот месец.**

[37] Ibid

**Табела 7: Број на пријавени вработени и невработени во РСМ во Август 2019 година**

| Странци пријавени за вработени и невработени во август 2019 година | Број на странци |
|---|---|
| Невработени странци со одобрен привремен и постојан престој | / |
| Вработени странци со одобрен привремен и постојан престој | 129 |

**Според информациите добиени по пат на слободен пристап до информации одјавен карактер[38], во месец август се евидентирани како вработени 129 странци во различни општини како Скопје-Центар- 27, Гевгелија-17, Гази Баба -12, Карпош -10, Тетово-8 и Гостивар -8**

**Табела 8 Број на странци во работен однос по општини**

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Број на странци кои имаат заснован работен однос во август 2019 година (општина)** | Центар | 27 | Битола | 3 | Кисела вода | 2 | Кочани | 1 |
| | Гевгелија | 17 | Бутел | 3 | Струга | 2 | Кичево | 1 |
| | Гази баба | 12 | Велес | 3 | Шуто Оризари | 2 | Кавадарци | 1 |
| | Карпош | 10 | Куманово | 3 | Чешиново Облешево | 1 | Демир Капија | 1 |
| | Тетово | 8 | Охрид | 3 | Чашка | 1 | Делчево | 1 |
| | Гостивар | 8 | Прилеп | 3 | Пробиштип | 1 | Валандово | 1 |
| | Штип | 4 | Чаир | 3 | Пехчево | 1 | | |
| | Аеродром | 3 | Ѓорче Петров | 2 | Мак. Каменица | 1 | | |

[38] Ibid

# 4 НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО ОДНОС НА СТРАНЦИТЕ

Општините, во рамките на законот, во согласност со начелото на супсидијарност, имаат право на своето подрачје да ги вршат работите од јавен интерес од локално значење, што не се исклучени од нивна надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт[39]. Општините самостојно, во рамките на законот, ги уредуваат и вршат работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со закон и се одговорни за нивното вршење[40].

Општината според своите надлежности е должна на локално ниво да се грижи за фукнционирањето во повеќе области како урбанистичкото планирање, заштитата на животната средина и природата, да се грижи за локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети, културата и развивање на културните активности и дејности, социјалната заштита и заштита на децата преку инвестиции и водење на детски градинки и домови за стари остварување на социјална грижа за различни ранливи групи на категории на лица и деца, образование и водењето на целосна грижа за основни и средни училишта, здравствената заштита и управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита и други области кои е потребно да бидат утврдени со закон[41]. Во сите овие области општината е должна да воспостави функционален систем за заштита и остварување на правата на своите граѓани, но воедно системот треба да покажува грижа и за странците кои живеат во општината. Од друга страна странецот е должен да ги почитува законските обврски за време на неговиот престој и навремено да ги подмирува своите финансиски обврски кон државата и општината како даноци, такси итн.

Од добиените податоци по пат на слободен пристап до информации од јавен карактер, заклучокот е дека општините не водат евиденции за странците кои престојуваат во општината[42]. Барања за слободен пристап до информации од јавен карактер се поднесени до 80 општини бидејќи 4 од општините се без контакт за доставување на барања за информации од слободен пристап[43]. Всушност најмногу одговори се добиени од помалите општини за кои сметаме дека поради бројот на население во

[39] Закон за локална самоуправа, член 20
[40] Ibid, член 21
[41] Закон за локална самоуправа, член 22
[42] Одговори за слободен пристап добиени од општини по поднесено барање за слободен пристап од МЗМП
[43] Зајас, Другово, Вранештица, Осломеј

нивните територии, полесно им е да водат евиденција за странците, Тоа се општините: Радовиш, Македонски Брод, Богданци, Валандово, Кавадарци, Новаци, Демир Капија и други.

Нема законска одредба која им налага на општините да водат регистар и евиденција за странците кои престојуваат во општината. Праксата покажува дека општините не располагаат со податоци за бројот на странци кои престојуваат на нивнатата територија, односно оставено е на добра воља на самите општини да водат евиденција. Од друга страна Агенцијата за вработување има воспоставено централизиран систем на евиденицција на странци-вработени лица. Па така по барање испратено до 80 општини за вработени странци во нивната општина, одговориле само општина Аеродром каде според нивната евиденција има 5 вработени странци, Валандово-13, Пробиштип-18 и Радовиш-9. По барање испратено до Агенцијата за вработување за бројот на вработени странци добиени се информации за вработени странци од 30 општини, и тоа 27 странци во Центар, 17 странци во Гевгелија, 12 странци во Гази Баба, 3 странци во Битола, 3 странци во Бутел, 3 странци во Велес, 2 странци во Кисела Вода, 2 во Струга, 2 во Шуто Оризари, 1 странец во Кочани, 1 во Кичево итн. Истите се претставени во табелата број 8 во делот за вработување на странци.

Неспорно е дека прашањата кои се поврзани со престојот на странците се во надлежност на Одделот за гранични работи и миграции во рамките на МВР како и на инспекторатите за странци и реадмисија и граничните премини во состав на четирите регионални центри за гранични работи. Странецот има обврска редовно да се пријавува и да ја продолжува својата дозвола за привремен или постојан престој во согласност за Законот за странци. Но, по регулирање на престојот на странецот сепак потребно е да се воспостават мерки за полесно вклучување и интеграција на странецот во општината во која пријавил живелиште. За да се започне со процес на интеграција на странецот во општината, потребно е првично општината да води регистер на странци кои престојуваат на нејзината територија.

**Во овој дел, препораката е да се воспостави поблиска комуникација и соработка по службена должност помеѓу МВР-секторот за странци и општините за да се избегне целосна централизација и ситуации кога општините ќе бараат податоци од Секторот за странци за бројт на странци кои престојуваат на нејзината територија.**

Праксата покажува дека неусогласеноста на податоците и непостоењето на унифициран систем за евиденција на странци е се уште предизвик за нашата држава.

Други прашања за кои се побарани информации до општините се следните:

1. Колку странци пријавиле сопственост на недвижен имот и се регистрирани како даночни обврзници во регистарот за периодот од 2015-2019

   - *Одговориле 36 општини, од кои постојат податоци за: Демир Капија-2, Петровец-3, Дебарца-1, Ресен – 1, Македонски Брод – 6, Богданци-8, Прилеп – 183, Новаци- 1, Желино – 2796, во останатите не се евидентирани*

2. Колку странци се евидентирани како сопственнци на недвижен имот и се регистрирани како даночни обврзници во регистарот во Август 20I9 гадмна?

   - *Одговориле 33 општини, од кои се доставени податоци од Петровец- 9, деварца- 1, Прилеп – 44, Новаци- 1, Радовиш-1, Желино-4794, Богданци-8 во останатите не се евидентирани*

3. Колку странци пријавиле сопственост на подвижен имат и се регистрирани како даночни обврзници во регистарот во периодот од 2015-2019 година?

   - *Одговориле 24 општини, од кои само во една општина Новаци – 1 странец во останатите не се евидентирани.*

4. Колку странци се евидентирани како сопственици на подвижен имот и се регистрирани како даночни обврзници во регистарот во Август 2019?

   - *Одговориле 24 општини, од кои само во општина Новаци е регистрирано само едно лице, во останатите не се евидентирани.*

5. Колку странци пријавиле право на сопственост и се регистрирани како даночни обврзници во регистарот во периодот од 2015-2019?

   - *Одговориле 29 општини, од кои во Дебарца-1, Ресен-14, Македонкси Брод-6, Валандово – 1, Новаци-1 и Кавадарци-1, во останатите не се евидентирани.*

6. Колку странци се евидентирани како плодоуживатели, дека стекнале некои права врз основа на правно дело договор, тестамент, со одржувачка во пермодот од 2015-2019?

   - *Одговориле 25 општини, од кои во Дебарца-1, Прилеп-16, Новаци-1, Кавадарци-7, Желино-2273, во останатите не се евидентирани.*

7. Колку странци склучиле договор за закуп на недвижен имот во периодот од 2015-2019?

   - *Одговориле 24 општини од кои Демир Капија-2, Старо Нагоричане-1, во останатите не се евидентирани.*

8. Колку странци пријавиле даноци, такси и други надоместаци во периодот од 2015-2019?

   - *Одговориле 21 општина од кои Демир Капија – 2 и Желино 1980, Радовиш – 1, во останатите не се евидентирани.*

9. Колку странци се запишани во основно, средно или високо образование во периодот од 2015- 2019?

   - *Одговориле 26 општини, од кои 1 во Демир Капија, Радовиш -1, во Центар-16(основно), Битола-52(основно и средно), Делчево-2, во останатите не се евидентирани.*

10. Колку странци се евидентирани дека посетуваат основно, средно или високо образование во месец август 2019?

    - *Одговориле 31 општина од кои во Центар – 5, Демир Капија-1, Битола-2, Делчево-2, Радовиш-1, во останатите не се евидентирани.*

11. Колку странци се пријавени како вработени во периодот од 2015-2019?

    - *Одговориле 21 општина, од кои Аеродром-389, Валандово-90, Пробиштип-18, Радовиш-41, во останатите не се евидентирани.*

12. Колку странци се евидентирани како вработени во Август 2019?

    - *Одговорила 22 општина, Аеродром-5, Валандово-13, Валандово-13, Пробиштип-18, Радовиш-9 во останатите не се евидентирани.*

13. Колку странци со регулиран привремен и постојан престој во РМ се пријавени дека членуваат во спортски клубови во периодот вд 2015- 2019?

- *Одговориле 18 општини, само во Радовиш има 4 пријавени, во останатите не се евидентирани.*

14. Колку странци со регулиран привремен и постојан престој во РМ се евидентирани дека учествувале во културни или образовни активности во општината?

- *Одговориле 18 општини, Ѓорче Петров – 1, Македонски брод-180, Кичево-1 и Демир Хисар – 1, Крива Паланка – 1450, во останатите не се евидентирани.*

15. Колку странци се евидентирани дека склучиле брак во општината во периодот од 2015-2019 година?

- *Одговориле 11 општини, Демиркапија-11, Пласница-19, Старо Нагоричане-13, Македонски брод – 18, Пробиштип – 45, Чешино Облешево-15, Радовиш-60, во останатите не се евидентирани.*

16. Колку странци користеле здравствени услуги во општината во перидот од 2015-2019 година?

- *Одговориле 10 општини, Македонски брод – 187, Радовиш-107 и Василево-2, во останатите не се евидентирани.*

17. Колку странци се стекнале со социјални права и користеле социјални услуги воопштината во периодот од 2015-2019 година?

- *Одговориле 14 општини од кои 2 општини одговориле дека општината не доделува социјални услуги на странци, само на жители(Кочани и Центар), и Радовиш-2, во останатите не се евидентирани.*

18. Колку странци се евидентирани дека користеле субвенции и било какви други услуги од општината?

- *Одговориле 16 општини, во сите не се евидентирани такви лица*

19. Колку странци се евидентирани како корисници на локални услуги и видот на услуги кои ги користеле?

- *Одговориле 19 општини, од кои Дебарца-1, Македонски Брод-6, Кичево-3, во останатите не се евидентирани.*

Меѓу позначајните надлежности на општините се организацијата и уредувањето на образованието, економските планови и активности, социјалната заштита и локалниот економски развој на општитанта. Сепак за ниту една од мерките локалните власти немаат предвидено активности во кои ќе бидат вклучени странците заради олеснување на нивната комуникација со локалното население, запознавање со локалните политики, обичаи, и култура и полесна интеграција на странците во државата. На нивните веб страници не се пронајдени стратегии и акциски планови преку кои се олеснува интеграцијата на странците во самата општина и преку кои се промовира учеството на странците во локалните програми и политики.

Од добиените податоци може да се заклучи дека:

- Општините не поседуваат информации за бројот на странци со постојан и привремен престој кои живеат во општината и скоро сите општини упатуваат на надлежност на Секторот за странци, како единствено тело кое е надлежно да води евиденција по ова прашање.

- Општините немаат систем преку кој може да се генерираат податоци кои се однесуваат само на странците како што се евиденциите за даночни обврзници(за информацијата колку странци пријавиле такси и други надоместоци), евиденции за колку странци пријавиле сопственост (програмата LTAS[44] тоа не го овозможува)

- Не е јасно определена надлежноста на општините во врска со податоците за кои е потребно да водат евиденција. Пример. има неколку општини[45] кои по барањето ги доставиле сите податоци, но и општини кои сметаат дека се ненадлежни да постапуваат по барањето и изречно наведуваат дека не располагаат со дадените податоци[46]. Во однос на тоа колку странци се регистрирани дека посетувале основно и средно образование, пристапот на општините е различен. Општина Битола доставила детални информации за странци кои

[44] Local Tax Administration System – софтвер за администрација со локални даноци, Прирачник за изработка на локални стратегии од областа на информатичката и комуницискатa технологија, декември 2009
[45] Радовиш, Василево, Македонски брод, Облешево,
[46] Велес, Аеродром, Дебар,

посетуваат средно и основно во сите училишта[47], а општина Македонска Каменица доставила одговор дека не е имател на таа информација[48]. Во однос на правото на сопственост со кое можат да се стекнат странците и податоци за даночни обврзници странци, во повеќе општини е наведено дека немаат такви податоци поради неможност на системот да селектира информации кои се однесуваат само на странци[49].

- Некои од општините веднаш се огласуваат за ненадлежни и го препраќаат по службена должност барањето до други институции за кои општините сметаат дека се надлежни, а кои истотака се огласуваат за ненадлежни. Пример. Од општина Аеродром има известување дека не располага со бараните податоци и барањето е препратено до Агенција за вработување, Управата за јавни приходи, Министерство за внатрепни работи, Град Скопје, Министерство за информатичко општество и администрација[50] и до Агенција за млади и спорт. Со известувањето со кое општината се огласува за ненадлежна доставени се и одговори кои се однесуваат на податоци за општина Аеродром од Агенција за млади и спорт (појаснување за делумна ненадлежност на Агенцијата), Град Скопје[51], Агенција за вработување и МВР. Во прилог на одговорите на општина Аеродром е и известување на МВР до општина Аеродром во кое е наведено дека МВР не е надлежна институција по барањето и истото се враќа на надлежност на општината.

Во однос на странците како корисници на здравствени услуги од некои општини[52] се доставени податоци за здравствени услуги користени од

[47] Исто и општина Делчево
[48] Охрид не е иматен на информација
[49] Битола, Валандово,
[50] Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер број 7613/9 од 01.11.2019,информација не е добиена. Со допис број 08/3 -3853/2 од 18.11.2019 година сме информирани дека за сите прашања кои се однесуваат на странците, Министерството за информатичко општество и администрација не е имател на информација.
[51] Одговор по барање за слободен пристап до информации од јавен карактер број 7613/9 од 01.11.2019, информација од Секторот за финансиски прашања во рамките на Град Скопје известува дека не располага со податоци во однос на уплати за даноци и такси извршени од страна на странци.
[52] Одговори на барањата од општина - Радовиш(одговор број 35-1819/10 од 18.12.2019)- 107 лица; Василево (бр.15-1748 од 12.12.2019) – 2 лица; Македонски брод – број 15-58/7 од 04.02.2020 година – од 187 лица

страна на странци како и за странци корисници на социјални услуги што е позитивно во однос на постапувањето на општините во согласност со законите. Интересно, но и загрижувачка е информацијата што ја доставија две општини, општина Центар и општина Кочани во врска со бројот на странци кои се корисници на социјални услуги. Двете општини во нивниот одговор наведоа дека странците не може да користат социјални услуги, односно одговорот е дека општините се надлежни само за нивните државјани. Ваквото тврдење укажува на непознавање на надлежностите од страна на некои општини и погрешното толкување на законите. Тоа е во спротивност со социјалната правда како темелна вредност која државата треба да ја гарантира на сите лица, односно спротивно со Законот за странци каде изречно е пропишано дека странците со постојан престој имаат право на користење на социјални услуги и социјална заштита[53]. Правата од социјална заштита странците со постојан престој може да ги користат без дискриминација под исти услови и начин како и нашите државјани.

Исто така евидентно е дека најголемите општини со концентрација на најголем број на странци на нивната територија немаат усвоено стратегии и политики преку кои би ги вклучиле странците при планирањето на нивните активности и мерки на локално ниво. Сегашната ситуација укажува дека странците се оставени сами на себе во справување на секојдневните предизвици за нивно успешно интегрирање во нашата држава.

## 4.1 Интеграција на странци

По неуспешните обиди на Владата пред локалните избори, РСМ најверојатно е единствена држава без усвоена стратегија за интеграција на странците. Предлог верзија на стратегијата за интеграција на странци и бегалци е се уште објавена на страната на Министерството за труд и социјална политика, како предлог стратегија за интеграција на бегалци и странци 2017-2027, но истата не е усвоена од страна на Владата.

Во однос на интеграцијата на странците, во резолуцијата за миграции е наведено дека интеграција на странците преставува процес кој треба да се одвива во три фази:

[53] Закон за социјална заштита, Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, член 15 став 1

- Во *првата* фаза, која се однесува на периодот по пристигнување на странците, државата треба да го стави фокусот на вклучување на овие лица во постојниот систем на национална заштита, кој вклучува пристап до образовниот систем и пристап до услуги од здравствената заштита.

- *Втор*ата фаза, која треба да се третира како развојна, треба да има за цел поддршка за развивање на самостојноста кај странците во насока на задоволување на нивните потреби за домување, вработување, како и стручно доспособување и усовршување.

- Третата *фаза* се однесува на процесот на натурализација, односно добивање постојан престој во државата или добивање државјанство со што им се овозможува целосна интеграција во новото општество.

Првата фаза од процесот на интеграција е делумно уредена со одредбите од Законот за социјална заштита[54], Законот за здравствена заштита, Закон за доброволно здравствено осигурување[55], Законот за основното образование[56] и билатералните договори за социјално осигурување кои РСМ ги има склучено со некои држави. Иако правата на социјална заштита на странците се загарантирани со закон, сепак постојат одредени потешкотии при нивното спроведувње. Оттаму, евидентен е недостигот на информативните за услуги за странците – мигранти кои би им овозможиле на странците да ги добијат потребните корисни информации по пристигнувањето во државата.

[54] Службен весник на РСМ"бр. 104/19
[55] Службен весник на Република Македонија"бр. 145/12, 07/13 и 192/15
[56] Службен весник на Република Македонија бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18

# 5 ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Пред само неколку недели од пишување на овој документ, странските инвеститори во земјава се пожалија дека со месеци чекаат нивни експертски тимови да добијат работна дозвола за престој во земјава. Од Стопанската комора на РСМ дури и констатираа дека ние сме отворена мала економија со многу инвестиции од странство, но за жал сме многу затворени за давање на работни визи и дозволи. Главниот проблем странските инвеститори го лоцираа во честото одбивање на стручните лица кои доаѓаат од други земји, со образложение дека таков кадар во земјава веќе има.

Освен потешкотиите истакнати од страна на странските инвеститори и стопанската комора, постојат и други проблеми со кои се соочуваат странците со желба за привремено или постојано населување во РСМ од различни причини. Огромна пречка при вработување на странците во нашата држава доаѓа од дипломатско – конзуларните претставништва (ДКП) на РСМ во земјите од каде доаѓаат странците. Не постои законски рок, во кои ДКП-та треба да доставаат одговор дали странецот во прашање, може да се вработи во земјава или не. Освен бавната процедура во македонските амбасади, странците имаат проблем и со неунифицираната документацијата што се бара при поднесување на барањата за работа. Во просек, потребни се до три месеци за добивањето на дозволата од датумот на поднесување на барањето за вработување на странецот.

Праксата покажува дека странците кои ќе добијат дозвола за престој во РСМ по било кој основ (вработување, образование, семејно обединување) се соочени со недостаток на релевантни и кредибилни информации во однос на достапни услуги и можности за нивно полесно комуницирање со администрацијата.

Странските студенти кои завршуваат студии во РСМ имаат право да работат само до 10 часа неделно со дозволата за престој заради студирање. Доколку на студентите им се понуди договор за вработување, истите мора да ја почнат постапката за добивање на дозвола за престој по основ на вработување од почеток.

Децата на странците може да следат настава во јавните училишта без дискриминација, под еднакви услови кои важат и за државјаните. Сепак,

јавните училишта, немаат посебна програма за помагање на децата на странците за полесно изучување на државниот јазик и комуникација со нивните врсници.

Општините во РСМ немаат изработено ни усвоено стратегии кои се однесуваат на странците и услугите кои тие може да ги користат во општината каде се населени. Од друга страна и самите општини немаат јасна надлежност во однос на прашањата за странците и се ориентирани само кон остварување на правата на своите државјани. На официјалните веб страни на општините не може да се најдат податоци кои се од интерес на странците што живеат во нивните територии. Странците немаат пристап до релевантни и точни информации за образованието, социјалните услуги, вработување, условите за стекнување на имот, олеснување при вработување, можни мерки за преквалификација и доквалификација за побарувачката на работната потреба во РСМ, и слично. Дополнително, сите достапни информации на официјалните веб страни на општините се на македонски јазик, факт што дополнително го отежнува пристапот и навременото информирање на странците.

Резолуцијата за миграции 2015-2020 година е насочена исклучиво кон мерки и активности кои имаат за цел да се спречи имиграцијата од РСМ кон странските држави, одржување на комуникацијата и односите на државата со одселени државјани во странски земји, одржување на комуникацијата и односите со македонската дијаспора како и подобрување на информираноста и можностите на македонските повратници – државјани кои во одреден момент се иселиле од РСМ и се враќаат во РСМ. Во стратешкиот дел за миграциите недостасува дел кој ќе адресира решенија и мерки за странците со привремен и постојан престој, односно државјаните на трети земји населени во РСМ по различни основи (вработување, студирање, семејно обединување, и слично). Како генерална констатација може да се извлече дека во РСМ постои недостаток на достапни, точни и кредибилни податоци, информации и мерки на државните институции и локалната самоуправа кои се корисни за странците. Статистичките податоци не се јавно достапни и притоа различни се толкувањата на општините во однос на прашањата кои се во нивна надлежност што укажува дека институциите не се целосно транспарентни со однос на странците, општините немаат јасно определена надлежност во врска со

странците и немаат развиено политики кои ги вклучуваат и странците со живеалиште на нивните територии.

Заради адресирање на постоечките недостатоци на државните институции и општините, а со цел подобрување на локалната интеграција на странските државјани потребно е:

- И покрај тоа што во РСМ нема голем број на регистрирани странци и натаму останува потребата за ефикасно управување на економската и неекономската миграција согласно демографскиот и социо-економскиот развој на земјата, со што потребно е понатамошно олеснување на процесот на интеграција на странците.

- Во услови на сѐ уште голема невработеност, РСМ и во иднина би требало да води флексибилна и пазарно ориентирана политика на прием на странски работници според долгорочните цели на политиката на вработување. Согласно утврдените специфични потреби и натаму останува актуелна потребата за подобрување и забрзување на постапките во однос на вработувањето на странците.

- РСМ има релативно солидна правна рамка за регулирање на легалните и илегалните миграциони движења. Поради целосно усогласување со правото на ЕУ, РСМ останува и понатаму да ги следи натамошните текови и да презема натамошни чекори за транспонирање на Директивите на ЕУ за унапредување на правата и статусот на странците во нашето националното законодавство

- При изготвување на новата Резолуција за миграции на РСМ која ќе го опфти периодот од 2021 година, да се овозможи вклучување на стручната јавност како и невладините организации со интерес во областа кои би дале свој придонес за подобрување на овој значаен стратешки документ за миграциите.

- Следната резолуција за миграци, освен постоечките прашања, мора да посвети значаен дел и за странците кои привремено или постојано се населени во РСМ. Во делот кој се однесува на државјаните на трети земји да се предвидат мерки и активности

преку кои ќе се олесни пристапот на странците до права и услуги од нивен интерес, а воедно да се воспостават и алатки за олеснување на нивната комуникација со околината што би влијаело и на нивна полесна интеграција во општината.

- Итно усвојување на Стратегијата за интеграција на бегалци и странци, дополнета со мерки и активности за интеграција насочени и кон легалните мигранти, односно странците со издадена дозвола за престој.

- Да се подобри транспарентноста на институциите преку јавно објавување на официјалните страни на државните институции на бројот на странци кои престојуваат во земјата, бројот на работните дозволи и областите по кои тие дозволи се издадени. Дополнително, институциите е потребно да постапат според својата законска надлежност која произлегува од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер[57] и одговорно и навремено да ги достават податоците кои се бараат од институциите, а кои се предмет на изготвување на анализи и извештаи.

- Општините мора да водат регистар со точни податоци за услугите од областите од надлежност на општината кои се однесуваат како за македонските државјани така и за странците кои живеат во општината. Наместо огласување на општините за ненадлежни и пренасочување на надлежноста кон државните институции, потребно е да се воспостави унифициран систем за евиденција за странците кои престојуваат на територија на една општина преку кој ќе може да се добијат податоци и за правата и услугите кои странците ги користеле во самата општина.

- Да се воведе можност системот за евиденција во општината да може да генерира податоци за права и услуги кои ги користеле странците во општината (даночни обврзници – странци, странци кои платиле такси, даноци, корисници на социјални услуги-странци, корисници на здравствени услуги- странци, странци вклучени во образовен процес итн) за да може да имаат правилен тек на

[57] Службен весник на Република Македонија” бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15, 55/16, 64/18 и 98/19

развој и политиките на локалната самоуправа во областите образование, култура, социјална заштита, вработување и др.

- Општините треба да изготват и усвојат мерки за рана интеграција и механизми за олеснување на соработката на странците со локалните власти уште при нивното пристигнување во општината.

- Општините, во зависност од бројот на странци населени во нивните територии, треба да предвидат активности за изучување на јазикот, курсеви за ориентација, информации за културните аспекти, повремени средби со локалното население и слично со цел олеснување на нивната интеграција и запознавање со локалното население.

- Преку точна евиденција локалните власти ќе бидат во можност да организираат паралеки за децата на странците во училиштата, да понудат курсеви за изучување на македонскиот јазик, услуги за преквалификација на работници, социјалната заштита, и слично.

IRIS NETWORKing

CSOs for protection sensitive migration management

Македонско здружение на млади правници

Овој проект е финансиран од ЕУ

Оваа публикација беше изработена со финансиска поддршка на Европската унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на одговорност на авторот и Македонското здружение на млади правници и не ги одразува ставовите на Европската унија